# ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИК НА УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

ООУ “Христијан Тодоровски-Карпош” објавува повик за избор на ученички правобранител и заменици на ученичките правобранители.

Ученикот правобранител е ученик што ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето.

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата ученички правобранител и заменик на ученичкиот правобранител имаат учениците од 7, 8 и 9 одделение.

## НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: **пријава и мотивационо писмо.**

Заинтересираните кандидати можае да подигнат пријава од педагошко – психолошката служба во училиштето. Потребно е кандидатите да ја пополнат и да ја достават пријавата до педагошко – психолошката служба во училиштето.

Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.

**Краен рок за поднесување на документите: 14.10.2022**

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**

Избор за ученички правобранител и негови заменици вршат учениците од 7, 8 и 9 одделение според следните критериуми:

- **пол;**
- **возраст;**
- **основно познавање на детските права,**
- **мотивација за пријавувањето,**
- **комуникациски и организациски способности,**
- **етничка припадност,**
- **претходно искуство, односно вклученост во вонnаставните активности.**
-

**ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученичкиот правобранител и неговите заменици:**

- учество на воведна обука за улогата и обврските на ученичкиот правобранител, организирана од страна на педагошко – психолошкатаслужба;
- промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани;
- прибирање на преставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
- редовна комуникација и координација со педагошко – психолошкатаслужба

Мандатот на избраниот ученички правобранител и замениците на правобранителите е 2 (две) учебни години(доколку правобранителот е од 9 одделение, неговиот мандат е една учебна година).

Лице за контакт: Валентина Ковачевска- педагог

Октомври, 2022г.Скопје